РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-806/7
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-806/1 од 20.02.2024 година оформен по пријава, во која се изнесени сомневања против в.д. директорот на ЈЗУ „----------------------------“ во Скопје, ----------------------, за вработување на лице на работно место шеф на возниот парк во наведената болница, по распишување на парламентарните и претседателските избори 2024, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-806/1 од 20.02.2024 година, СЕ ПОТВРДУВААТ.

ДКСК констатира дека за сторените прекршувања нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради тоа што имаме промена на фактичката состојба, односно директорот на ЈЗУ „----------------------------------------“ ------------------------------ е разрешен и не ја извршува истата функција.

Предметот со број 12-806/1 од 20.02.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ДКСК оформи предмет со број 12-806/1, по пријава поднесена од анонимен подносител на 20.02.2024 година, во која се изнесени сомневања дека в.д. директорот на ЈЗУ „----------------------------------“ во Скопје --------------------------, по

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

распишување на парламентарните и претседателските избори 2024 година, го ангажирал лицето --------------------------- на работното место шеф на возниот парк, со месечна плата во износ од 60.000 денари. Подносителот во пријавата изразува сомневање дека со тие дејствија, директорот го оштетил Буџетот на болницата и не ги почитувал забраните во изборниот процес предвиени со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати со барање за доставување на информации до предметната здравствена установа, од каде побара да и се достави целокупна документација за предметниот случај.

На 25.04.2024 година до ДКСК доставени се бараните податоци и информации и од извршениот увид во целокупната доставена документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Имајќи предвид дека лицето кое било претходно вработено на работно место одговорен возач во наведената болница заминал во пензија, како и поради потребата за извршување на обврските кои произлегуваат од горенаведеното работно место, лицето ------------------------ бил ангажиран во „-----------------------------“ со Договор на дело бр.---------/-- од 18.05.2023 до 17.05.2024 година, со надоместок на плата од ------------ денари за извршување на работна задача „возач“. Договорот бил склучен согласно член 8 став 1 од Законот за трансформација во редовен работен однос, во рамките на бројот на вработени од 304 лица кој одговара на законскиот процент од вкупниот број на вработени предвиден за вработување по овој основ. Исто така, ДКСК изврши увид во копија од Диплома со број ---------/---, издадена од СУГС „Цветан Димов“ Скопје и Пресметка на плата за вработениот -------------------- кој заминал во пензија, доставени од „----------------------------------“, од што утврди дека лицето -----------------------, го исполнувал условот за вработување по однос на поседување на соодветен степен на образование за пополнетото работно место, а и износот на неговата плата предвиден со истиот договор на дело, кореспондирал со износот на платата на претходниот вработен кој што го ослободил ова работно место.

Пред истекување на горенаведениот договор, односно на 02.12.2023 година, директорот на ЈЗУ„--------------------------------------“ склучил втор Договор на дело за извршување на интелектуална работа со бр.----------/--- од 02.12.2023 до 30.11.2024 година со лицето ---------------------------- со плата во износ од ------------ денари. Исто така пред истекот на вториот договор, односно на 15.02.2024 година, а тоа е ден по распишување на парламентарните и претседателските избори 2024, директорот на ЈЗУ„-----------------------------------“ склучил трет Договор на дело за извршување на

интелектуална работа со бр.----------/--- од 15.02.2024 година, со лицето ---------------------- со надоместок на плата во износ од ------------ денари.
Постапувајќи по предметниот случај, ДКСК се информира преку електронска пошта дека в.д. директорот на ЈЗУ „-----------------------------" ------------------------- повеќе не ја извршува оваа функција и истиот е разрешен со Решение за разрешување на вршител на должноста директор во ЈЗУ „-----------------------------------"-Скопје со бр.-------/--- донесена на 25.06.2024 година, како и дека предметниот договор за дело веќе е раскинат.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради тоа што имаме промена на фактичката состојба, односно директорот на ЈЗУ „---------------------------------------------" е разрешен и не ја извршува истата функција.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК